Бр./Nr 12-7333/3
06-06-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-мата седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5794/1 од 20.12.2021 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ///, државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите за неправилности при поднесување на жалба против пресуда на /// суд од пријавата не се потврдуваат, за што ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Дополнително, за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган/ во тек е постапка пред друг надлежен орган – /// суд.

Предметот со број 12-5794/1 од 20.12.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 20.12.2021 година поднесена е пријава за службеното лице ///, државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///, и оформен е предмет број 12-5794/1 од 20.12.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за неправилности кои пријавената наводно ги сторила така што како државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје /// на /// година кај /// суд /// поднела Жалба против пресуда /// од /// на /// суд ///.

Според подносителот на пријавата, жалбата имала видни недостатоци. Имено, истата жалбата ја поднела иако целта на предметната експропријација не била реализирана, со што не бил повреден јавниот интерес. Во пријавата е наведено дека пријавената не го поткрепила со писмен доказ за примена исплата тврдењето за платено. Поради околностите опишани во пријавата, подносителот на пријавата се сомнева дека ///, државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///, сторила злоупотреба на службената положба.

Дополнително, подносителот на пријавата изнел наводи дека на адресата на која живее пријавената во краток рок била изградена куќа, заради што истиот бара ДКСК да го испита потеклото на имотот на пријавената.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до Државниот правобранител на Република Северна Македонија.

Од увидот во добиените податоци и информации утврдена е следната фактичка состојба:

Од страна на државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///, како законски застапник на Република Северна Македонија – Министерство за финансии, Комисија за одлучување по барање за денационализација, на /// година била поднесена жалба против Пресуда на /// суд /// од /// година, за која /// суд има ингеренции да донесе одлука.

Видно од содржината на поднесената жалба (/// од /// година), Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје /// во истата навел дека Судот при донесувањето на одлуката нецелосно ја применил одредбата од член 8 став 1 од Законот за денационализација согласно која предмет на денационализација не е одземен имот за кој е платен односно даден надомест, и при донесувањето на одлуката не ги ценел доказите за извршена исплата, наведени во жалбата, наспроти кои тужителите не можат да докажат дека за експроприраниот имот не бил платен надомест.

Против ///, државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///, во врска со предметниот случај од страна на подносителот на пријавата до ДКСК биле поднесени и две кривични пријави до ОЈО /// кои од страна на обвинителството биле отфрлени.

Во врска со наводите за изградба на куќа во краток рок, пријавената се има произнесено дека куќата е изградена во 1988 година од страна на таткото на нејзиниот сопруг, кој во 2008 година нему му ја пренел во сопственост со Договор за поклон.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите за неправилности при поднесување на жалба против пресуда на /// суд од пријавата не се потврдуваат, за што ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Дополнително, за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган/ во тек е постапка пред друг надлежен орган – /// суд.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Катица Николовска**